**20250180459**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

Врз основа на член 23-а став 6 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), министерот за спорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СПОРТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за Годишната програма и Годишниот извештај за користење на средствата од надоместоците за спорт.

Член 2

Годишната програма за користење на средствата од надоместоците за спорт се подготвува и доставува на образец со А4 формат кој се печати на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Годишниот извештај се подготвува и доставува на образец со А4 формат кој се печати на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-192/1
24 јануари 2025 година
Скопје

Министер,
**Борко Ристовски**, с.р.

Прилог 1

# Годишна програма

**за користење средства од надоместоците за спорт за __________ година**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА НАЦИОНАЛНАТА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| Целосен назив на националната спортска федерација | | |
| Адреса | | |
| Контакт телефон | | |
| Електронска пошта | | |
| Интернет страница | | |
| ЖИРО СМЕТКИ -<br>Буџетска<br>Наменска<br>Сопствени | | |
| Овластен сметководствен субјект | | |
| Претседател на националната спортска федерација | Име презиме:<br>Мандат ________________ Е-пошта________________________________<br>Телефон ____________________ Моб.тел___________________ | |
| Лице за контакт | Име презиме:<br>Работно место ___________________ Е-пошта__________________________<br>Телефон ____________________ Моб.тел.____________ | |
| Решение за вршење дејност спорт | Број | датум на издавање |
| Дали жиро-сметката на националната спортска федерација е блокирана | ДА | НЕ |
| Извештај за користење на средства од надоместоците за спорт | Датум на доставување | |
| Активни спортски клубови кои се натпреварувале/натпреваруваат во тековната година/сезона<br>***(да се наведат)** | мажи | жени |
| | | |
| Регистрирани тренери<br>***( да се наведат со име и презиме)** | мажи | жени |
| | | |
| | | |

**АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНАТА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА ВО 20___ година**

1. Организација на национален систем на натпревари (натпреварувања во домашни лиги, национални првенства и турнири за екипни и индивидуали спортови)

***(детален опис на националниот систем на натпревари – домашни лиги, национални првенства и турнири во машка и женска конкуренција за сениори и во младинска конкуренција и детален приказ на трошоците поврзани со реализацијата на националниот систем на натпревари)**

2. Организација на репрезентативни натпреварувања, учество на меѓународни светски и европски првенства, олимписки игри, отворени меѓународни првенства, регионални првенства, купови (трошоци за пат, престој, бонуси за натпреварувачите и тренерите, опрема, трошоци за изнајмување стадиони, покривање на трошоци за подготовки, пат и престој) и финансирање на врвни активни спортисти за подготовки и учество на меѓународните натпреварувања

***( да се даде детален опис)**

3. Финансирање на врвни тренери за спортски академии за млади таленти, не повеќе од 20% од средствата

| Ред. Бр. | **Име и презиме на тренер** | **Име и презиме на талентирани млади спортисти** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

4. Уплата на котизации, членарини и други редовни обврски кон меѓународните спортски федерации

| Ред. Бр. | | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Котизации | |
| 2. | Членарини | |

**5. Функционалност на националните спортски федерации:**

<table>
<tr><td rowspan="2">Изнајмување на деловни простории за работа на националната спортска федерација, во износ не поголем од 10% од средствата, или отплата на кредит за купување на сопствени простории на федерацијата, во износ не поголем од 20% од средствата, кои не смеат да се ставаат под залог, ниту да се продаваат за период од најмалку 15 години, освен доколку залогот е заради земање на кредит за купување на просториите</td><td colspan="2">ИЗНОС</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Финансирање на надоместок за работата на членовите на органот на управување на националната спортска федерација, во максимум до девет лица со средства во висина не поголема од една просечна плата на месечно ниво во Република Северна Македонија</td><td colspan="2">ИЗНОС</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Купување на специјализирани превозни средства за потребите на националната спортска федерација</td><td colspan="2">ИЗНОС</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Исплата на плати за максимум тројца вработени во администрацијата на националната спортска федерација со полно работно време, во износ не повисок од една просечна плата во Република Северна Македонија за лица со средна стручна спрема односно две просечни плати за лица со висока стручна спрема со најмалку пет години работно искуство. Вработените не смее да се во роднинска врска со</td><td>Име и презиме</td><td>ИЗНОС</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| ниту еден член на извршното тело до втор степен по сите линии | | |

**Вкупно потребни средства за реализација на програмата за користење средства од надоместоците за спорт за __________ година:**

| **ПРИХОДИ од** | **Износ** |
|---|---|
| Министерството за спорт | |
| Други државни органи (наведете кои) | |
| Град/општина | |
| Сопствени средства | |
| Спонзори (кои) | |
| Донатори (кои) | |
| Останати извори | |
| **ВКУПНО** | |

_____________________________ **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

(датум на поднесување) М.П. ______________________________

Прилог 2

**Образец за**
**ИЗВЕШТАЈ за користење средства од надоместоците за спорт за __________ година**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА НАЦИОНАЛНАТА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| Целосен назив<br>на националната спортска федерација | |
| ЕДБР | |
| НАМЕНСКА СМЕТКА за користење средства од надоместоците за спорт | |
| Овластен сметководствен субјект<br>(Телефонски број и е-пошта) | |

Прилог 2

**РЕКАПИТУЛАР**

| **Намена за која се користат средствата** | **Доделени средства** | **Потрошени средства** | **Нереализирани средства** |
|---|---|---|---|
| Организација на национален систем на натпревари (натпреварувања во домашни лиги, национални првенства и турнири за екипни и индивидуали спортови) | | | |
| Организација на репрезентативни натпреварувања, учество на меѓународни светски и европски првенства, олимписки игри, отворени меѓународни првенства, регионални првенства, купови (трошоци за пат, престој, бонуси за натпреварувачите и тренерите, опрема, трошоци за изнајмување стадиони, покривање на трошоци за подготовки, пат и престој) и финансирање на врвни | | | |

Прилог 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| активни спортисти за подготовки и учество на меѓународните натпреварувања | | | |
| Финансирање на врвни тренери за спортски академии за млади таленти, не повеќе од 20% од средствата | | | |
| Уплата на котизации, членарини и други редовни обврски кон меѓународните спортски федерации | | | |
| Функционалност на националните спортски федерации:<br><br>• изнајмување на деловни простории за работа на националната спортска федерација, во износ не поголем од 10% од средствата, или отплата на кредит за купување на сопствени простории на федерацијата, во износ не поголем од 20% од средствата, кои не смеат да се ставаат под залог ниту да се продаваат за период од најмалку 15 години, освен | | | |

Прилог 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| доколку залогот е заради земање на кредит за купување на просториите,<br>• финансирање на надоместок за работата на членовите на органот на управување на националната спортска федерација, во максимум до девет лица со средства во висина не поголема од една просечна плата на месечно ниво во Република Северна Македонија<br>• купување на специјализирани превозни средства за потребите на националната спортска федерација<br>• исплата на плати за максимум тројца вработени во администрацијата на националната спортска федерација со полно работно време, во износ не повисок од една просечна плата во Република Северна Македонија за лица со средна стручна<br>спрема односно две просечни плати за лица со висока стручна спрема со најмалку пет години работно искуство. Вработените не смее да се во роднинска врска со | | | |

Прилог 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| ниту еден член на извршното тело до втор степен по сите линии | | | |
| Пренесени средства од претходна година | | | |
| **ВКУПНО** | | | |

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

___________________________

(датум на поднесување)    М.П.    ___________________________